**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-227
24.04 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1910/1 од 13.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16 и 132/17) и на член 16 и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 13 март 2018 година на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје:

- промотивните најави за играниот серијал „Deti i jetës sime (Kalbimdeki Deniz)“ емитувани во периодите: од 09:03:52 до 09:04:53; од 09:59:46 до 10:00:47; од 10:59:54 до 11:00:55; од 12:59:19 до 13:00:17; од 13:24:29 до 13:25:30; од 13:32:44 до 13:33:45; од 15:40:35 до 15:41:36; од 17:09:06 до 17:10:07; од 18:18:58 до 18:19:59 и од 22:34:47 до 22:35:48 часот, како и промотивните најави за играниот серијал „Кара Севда (Kara Sevda)“ емитувани во периодите: од 10:01:19 до 10:02:17; од 11:00:55 до 11:01:53; од 13:26:02 до 13:27:01; од 15:41:36 до 15:42:34; од 16:59:17 до 17:00:15; од 17:10:07 до 17:11:06; од 18:22:04 до 18:23:03 и од 22:53:04 до 22:54:02 часот, не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 22 став 2 од горе цитираниот правилник.
- серијалот „Улица Бразил (Avenida Brasil)“ е обележан со предупредувачка сигнализација за програма од - Трета категорија (12+), емитуван е во несоодветен временски период од денонокието и тоа во периодот од 15:20:37 до 15:39:46 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 16 од горе цитираниот правилник. Наведениот серијал е означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години и може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1910/1 од 13.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 12 април 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 13 март 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено констатирано е дека промотивните најави за играниот серијал „Deti i jetës sime (Kalbimdeki Deniz)" емитувани во рамките на програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 13 март 2018 година, во периодите: од 09:03:52 до 09:04:53; од 09:59:46 до 10:00:47; од 10:59:54 до 11:00:55; од 12:59:19 до 13:00:17; од 13:24:29 до 13:25:30; од 13:32:44 до 13:33:45; од 15:40:35 до 15:41:36; од 17:09:06 до 17:10:07; од 18:18:58 до 18:19:59 и од 22:34:47 до 22:35:48 часот, како и промотивните најави за играниот серијал „Кара Севда (Kara Sevda)" емитувани во рамките на програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во периодите: од 10:01:19 до 10:02:17; од 11:00:55 до 11:01:53; од 13:26:02 до 13:27:01; од 15:41:36 до 15:42:34; од 16:59:17 до 17:00:15; од 17:10:07 до 17:11:06; од 18:22:04 до 18:23:03 и од 22:53:04 до 22:54:02 часот не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на член 50 став 3 Законот и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Исто така, со надзорот е констатирано дека во рамките на програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 13 март 2018 година, серијалот „Улица Бразил (Avenida Brasil)" е обележан со предупредувачка сигнализација за програма од - Трета категорија (12+) и истиот е емитуван во несоодветен временски период од денонокието и тоа во периодот од 15:20:37 до 15:39:46 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Наведениот серијал е означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години и може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр. 10-1910/1 од 13.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1910/1 од 13.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1910/1 од 13.04.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.